**Предлагачи : Група пратеници**

**П Р Е Д Л О Г**
**НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ**
**ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО,**
**ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА**

**Скопје, февруари 2024 година**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP
08. 02. 2024
08 1000/1

**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државното правобранителство, по скратена постапка.

**ПРАТЕНИЦИ:**

1. Снежана Калеска Ванчева
2. Соња Мираковска
3. Наталија Лазаревиќ
4. Санела Шкријељ

**В О В Е Д**

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија” број 87/2007, 167/10 и 104/15), се уредуваат организацијата и надлежноста на Државното правобранителство на Република Македонија, условите и постапката за именување и разрешување на државниот правобранител на Република Македонија и државните правобранители, нивните овластувања, права и должности, средствата за работа, пристапот до информации, соработката со органите на државната управа и други прашања од значење за неговата работа.

Законот за државното правобранителство е донесен во 2007 година. Во текот на 2015 година е извршено негово дополнување со обврска за електронско поврзување со Агенцијата за катастар на недвижности. Со измените кои се предлагаат се предвидува натамошно подобрување на одредбите во насока на обезбедување на можност за мирување на државноправобранителската функција во случај државните правобранители да бидат избрани или именувани на друга функција или должност. Ова се наметна како потреба од воведувањето на неограничениот мандат на кои се избираат државните правобранители.

Иако условите за престанокот на функцијата државен правобранител, односно државни правобранители е уредена во членот 23 од законот, сепак со постојното законско решение „ако е избран, односно именуван на друга функција, односно должност“ не е земена во предвид можноста за именување на државен правобранител на Република Северна Македонија од стана на лице кое е државен правобранител со седиште за определено подрачје на суд кадешто се врши државноправобранителската функција.Ваквата одредба директно ја ускратува можноста за именување на овие лица за државен правобранител на Република Северна Македонија и истовремено е во контрадикторност со ченот 18 став 3 од законот според кој државните правобранители ги именува Владата по претходно прибавено мислење од државниот правобранител, без ограничување на мандатот.

Заради уредување на ова состојба, како и усогласување со амандманот XXXIII на Уставот и со Законот за употреба на јазиците во делот на издавањето на службени легитимации на лицата кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик, а кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија се предлага изменувањето и дополнувањето на Законот за државното правобранителство.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за државното правобранителство се заснова врз истите начела врз кои е заснован основниот предметен закон.

**III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**

Предлогот на законот не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

**IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ**

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија

**V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН**

Врз основа на членот 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлагаме Собранието по Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државното правобранителство да расправа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО

Член 1

Во Законот за државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија” број 87/2007, 167/10 и 104/15), во член 23 по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

„Условот од ставот 1 алинеја 5 на овој член не се однесува за лице, кое од функцијата на државен правобранител со седиште за определено подрачје на суд кадешто се врши државноправобранителската функција е именувано на функцијата државен правобранител на Република Северна Македонија.

Во случајот од ставот 2 на овој член по престанокот на функцијата државен правобранител на Република Северна Македонија, по поднесено лично барање, Владата на Република Северна Македонија веднаш, а најдоцна во рок од седум дена од денот на престанокот на функцијата, го именува лицето за државен правобранител со седиште за подрачјето, од кое бил именуван пред именување на функцијата Државен правобранител на Република Северна Македонија.“.

Ставот 2 станува став 4.

Член 2

Во член 28 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Легитимацијата од ставот 1 на овој член, се издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а доколку лицето на кое му се издава легитимацијата зборува јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, истата му се издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија и неговото писмо.“

Ставот 2 станува став 3.

Член 3

Низ целиот текст на Законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за државното правобранителство се уредуваат 4 члена

Во член 1 се предвидува натамошно подобрување на одредбите во насока на обезбедување на можност доколку државниот правобранител е избран од редот на државните правобранители за Државен правобранител на Република Северна Македонија по истек на времето за кое е именуван, а со негова согласност Владата на Република Северна Македонија да го именува за функцијата државен правобранител за подрачје каде што претходно ја обавувал државно правобранителската функција. Измената се предлага како потреба од воведувањето на неограничениот мандат на кои се именуваат државните правобранители.

Во член 2 со предложените дополнувања на членот 28 се предвидува усогласување со Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Северна Македонија бр.7/19), во делот на издавањето на службени легитимации на лицата кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик, а кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

Со членот 3 се врши усогласување со амандманот XXXIII на Уставот.

Членот 4 го регулира влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНАТА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНАТА ОДРЕДБА

Решенијата содржани во предложената одредба имаат за цел прецизирање и соодветно практично имплементирање на постојните законски одредби содржани во предложениот закон.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното законско решение ќе се постигне дополнително јасно и прецизно нормирање на одредбите од Законот за државното правобранителство, кои се однесуваат на можноста за именување на државен правобранител на Република Северна Македонија од стана на лице кое е државен правобранител со седиште за определено подрачје на суд кадешто се врши државноправобранителската функција, чиј мандат е без ограничување. Во овие случаи со овие одредби по престанокот на функцијата државен правобранител на Република Северна Македонија, по поднесено лично барање, Владата на Република Северна Македонија веднаш, а најдоцна во рок

од седум дена од денот на престанокот на функцијата, го именува лицето за државен правобранител со седиште за подрачјето, од кое бил именуван пред да биде именуван на функцијата Државен правобранител на Република Северна Македонија.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ
## ОД ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

### Член 23

Функцијата државен правобранител, односно државни правобранители престанува:

– со смрт;

– по сопствено барање;

– поради исполнување на услови за стекнување на правото на старосна пензија;

– ако се утврди дека трајно ја загубил способноста за вршење на функцијата;

– ако е избран, односно именуван на друга функција, односно должност и

– ако со правосилна пресуда е огласен за виновен и му е изречена ефективна казна затвор од најмалку шест месеца.

Во случаите од ставот 1 на овој член престанокот на функцијата на државниот правобранител и државните правобранители го утврдува Владата на Република Македонија.

### Член 28

Државниот правобранител и државните правобранители имаат службени легитимации.

Министерот за правда ја пропишува формата и содржината на образецот, содржината, постапката и начинот на издавање, користење и одземање на службената легитимација.